Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 428/0306
10.10.2019 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 7 октомври, 2019 година, врз основа на примена жалба од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (МВР), ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**Телевизија Алфа, со текстот насловен „Приведени за истакнување на сонцето од Кутлеш, тензии пред полициската станица во Охрид!“ го прекрши Кодексот на новинарите на Македонија во членот 1.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 9 септември 2019 година, Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија (МВР) поднесе жалба за текстот со наслов „Приведени за истакнување на сонцето од Кутлеш, тензии пред полициската станица во Охрид!“, објавен на 8 септември 2019 година, на веб – страницата на Телевизија Алфа (www.alfa.mk).

Во жалбата на МВР се наведува дека споменатиот медиум за инцидентот на фудбалскиот натпревар во село Волино, Дебрца, известувал непрофесионално, неетички и, како што се посочува во претставката, очигледно со свесно дезинформирачко постапување.

*„Имено, иако уште од почетокот со усна информација, а потоа и по писмен пат преку извадокот на дневни настани, Министерството за внатрешни работи детално и навремено информираше за овој настан, дел од медиумите свесно пласираат лажни информации со цел поттикнување на омраза, насилство и нетрпеливост“,* се вели во поднесената претставка на Министерството.

Од МВР во прилог на жалбата достави и копија од билтенот на дневни настани од 8 и 9 септември 2019 година, во кои, меѓу другото, е регистриран и инцидентот во Волино[1].

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со телевизија Алфа и побара да се изјасни по однос на наводите на претставката. Медиумот одговори на наводите на жалителот.

Главниот и одговорен уредник на телевизијата, Искра Коровешовска, во нејзиниот писмен одговор вели дека во целост ја отфрлаат поднесената жалба на МВР и ја сметаат за тенденциозен и непринципиелен напад. Медиумот смета дека целта на Министерството е, преку неосновани обвинувања, да се наруши угледот на Алфа и да се изврши притисок да се прикриваат информации, за кои МВР сметало дека се во нивен личен и политички интерес.

Коровешовска појаснува дека оспорената информација се темели на сведочења на очевидци на настанот со точно наведени извори и оти репортерите на ТВ Алфа уште вечерта повеќе пати телефонски се обидувале да стапат во контакт со службите за односи

[1] https://mvr.gov.mk/izvadok-od-dnevni-nastani/1611

со јавност на МВР, но оти не успевале да добијат одговор за инцидентот во Волино. Од Алфа посочуваат и дека груба невистина е дека МВР навремено известувало за настанот, зашто, како што потенцираат, првата официјална информација била објавена дури утредента.

*„Се поставува прашањето: ако МВР тврди дека навреме информирало за настаните во с.Волино, а Алфа телевизија известувала непрофесионално и сакала да поттикне омраза и насилство (како што се тврди во претставката), зошто нивните информации се објавени дури следниот ден, наместо вечерта веднаш кога инцидентот се случуваше, односно кога новинарите од Алфа се обидуваа да добијат одговори од МВР*“, се вели во одговорот на Коровешовска.

Од ТВ Алфа додаваат дека станува збор за обвинување, кое доколку МВР не го аргументира претставува сериозен удар врз слободата на информирање.

Во согласност со забелешката на ТВ Алфа дека не ја имале на увид жалбата на МВР во интегрална форма, Советот за етика до Телевизијата ја достави предметната претставка во оригинална форма.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 1.

***Член 1:*** *„Новинарот има право на слободен пристап до сите извори на информирање што се од јавен интерес. Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 7 октомври 2019 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот, одговорот од медиумот и изврши увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој произлегува од јавниот интерес и кој пренесува информација за инцидент којшто побуди голем интерес во јавноста. Но, во исто време, Комисијата се согласи и дека авторот, кој не е потпишан на текстот, не понудил целосно објективна и проверена информација. Ова од причина што во извештајот на ТВ Алфа недостига став на Министерството за внатрешни работи или од други извори, што на целиот новинарски производ му дава тенденциозен, дури и наведувачки контекст. Ако екипата на Телевизијата, како што тврди медиумот во одговорот на жалбата, се обидувала,

но не успеала да обезбеди став од институциите во врска со случувањата во село Волино, тоа требало јасно и експлицитно да го назначи во текстот, наместо да нуди готови и еднострани заклучоци.

Во отсуство на официјална информација, новинарот морал да изрази резерва, воздржаност или сомнеж кон ставовите на очевидците, врз основа на кои медиумот ја темели веста, односно дека причина за полициската интервенција за време на фудбалскиот натпревар било наводното веење на знамиња од Кутлеш и скандирање против премиерот Заев и промената на името на државата. На тој начин медиумот значително ќе ја намалел одговорноста и евентуалната опасност од дезинформирање и манипулации.

Оттука, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 1** од Кодексот на новинарите, чија отстапка особено е забележлива во насловот и завршниот дел од текстот:

***„Приведени за истакнување на сонцето од Кутлеш, тензии пред полициската станица во Охрид!“***

***„Во Волино велат дека се патриотски расположени, секогаш ги веат знамињата со сонцето од Кутлеш, како и дека очекувале полицијата да направи некаков чекор против нив. За нив, овој инцидент е предизвикан со намера за веќе во селото никогаш да не се појавува знамето со сонцето од Кутлеш“.***

Проверката на податоците и точноста на информациите се морални императиви на новинарството. Затоа, новинарот е должен да ја провери информацијата од што е можно повеќе извори, а најмалку два меѓусебно неповрзани извора. Потребата од брзина никогаш не смее да ги загрози точноста, кредибилитетот и професионалноста на текстот. Кога се известува од тензични настани потребно е новинарот да се воздржи од дополнително подгревање на тензиите. Во овој контекст, Комисијата ја зеде предвид и официјалната изјава на градоначалникот на општина Дебрца, Зоран Ногачевски, дадена уште истата вечер, кога посочи дека на инцидентот не му претходеле никакви политички мотиви, ниту веење знамиња и скандирања, туку судиска одлука која предизвикала незадоволство.

Во насока на поттикнување и промовирање на објективното новинарство, а имајќи го предвид фундаменталното право на слобода на медумите, Советот за етика, во оваа прилика, ги потсетува новинарите и уредниците дека медиумските извештаи мора да ја содржат вистината и да не иницираат полемики и дискусии со кои ќе се разгорат тензиите и ќе се влошат односите меѓу граѓаните.

Медиумите не смеат да ја злоупотребуваат својата улога и да послужат како платформа за дополнителни провокации. Напротив, тие мора да дејствуваат на начин што ги разликува од обични пренесувачи на информации и факти, особено во случаи кога се изнесуваат проценки за можна ескалација на случувањата.

Пренесувањето и давањето простор на шпекулации се изедначува со ширење невистини и пропагандизам, наспроти урамнотежено и професионално информирање. На јавноста треба да ѝ се понуди вистинската слика и да се претставаат објективните потреби и загриженост, а

особено имајќи предвид дека граѓаните кои не биле дел од одредени случувања својата информираност ја потпираат токму на медиумите.

На крајот, членовите на Комисијата се согласија дека за медиумите да бидат објективни и да не подгреваат тензии треба и институциите да ја завршат нивната работа. Комисијата утврди дека Министерството за внатрешни работи критичната вечер, додека се случувала полициската интервенција, не известувало ниту навремено, ниту детално, како што самото тврди во поднесената жалба. Спротивно на тоа, Комисијата заклучи дека МВР со официјален став излегло дури следниот ден, оставајќи простор за шпекулации во јавноста. На медиумите мора да им се обезбеди брз и полесен пристап до информации од јавен карактер, зашто на тој начин се придонесува за намалување на напнатоста и за елиминирање на можноста да се доведе јавноста во заблуда.

Затвореноста на институциите не може да биде метод со кој ќе се избегнат темите и прашањата од интерес за јавноста. Затоа, медиумите треба да алармираат во случаи кога не добиле одговор на прашања за кои проценуваат дека се од јавен интерес и кога за тоа може да изложат релевантни аргументи.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува Телевизија Алфа (www.alfa.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595